# ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА „ОТВОРЕН БАЛКАН“

## КНИГА 1
## АНАЛИЗА НА ДИСПАРИТЕТИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ: АНАЛИЗА СПОРЕД СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ ОД ЕКСПЕРТИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Центар за економски анализи - ЦЕА**

мај 2023 година, Скопје

*Финансиската поддршка е обезбедена од страна на Open Society Foundations*

| | |
|---|---|
| **Проект:** | Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“ |
| **Имплементиран од:** | Центар за економски анализи - ЦЕА |
| **Наслов:** | Анализа на диспаритети меѓу земјите: анализа според статистичките податоци собрани од експертите од Западен Балкан |
| **Автори:** | Експерти од земјите (по азбучен редослед):<br>Албанија: Мерита Тоска<br>Босна и Херцеговина: Аднан Церимагиќ<br>Косово: Рамадан Иљази<br>Црна Гора: Институт за претприемништво и економски развој<br>Северна Македонија: Центар за економски анализи; Стефан Ристовски<br>Србија: Центар за напредни економски студии |

Изработката на оваа студија е поддржана од Фондацијата „Отворено општество“ преку Проектот „Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“ спроведуван од ЦЕА.

Ставовите искажани во овој документ не секогаш ги одразуваат ставовите на Фондацијата „Отворено општество“.

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

## Импресум

Наслов: Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“
Книга 1: Анализа на диспаритети меѓу земјите: анализа според статистичките податоци собрани од експертите од Западен Балкан

За издавачот: Марјан Николов
Центар за економски анализи - Скопје
Бул. Јане Сандански 63/3
1000 Скопје

Уредник: Марјан Николов

Автори (по азбучен ред):
Аднан Церимагиќ;
Лазар Ивановиќ;
Марјан Николов;
Мерита Тоска;
Рамадан Иљази;
Стефан Ристовски;
Весна Даковиќ;

Рецензија: Проф. Д-р. Ванчо Узунов

Наслов на оригинал: Assessing and streamlining the potential of the Open Balkans Initiative
VOLUME 1: Country Disparity Analyses: Desk Research, преведено од англиски на македонски јазик

Преведувач: Светлана Трајковска

Оваа публикација е бесплатно достапна на: https://cea.org.mk/proekt-otsenka-i-nasochuvane-na-potentsijalite-na-initsijativata-otvoren-balkan/

## Содржина

**ЗА ПРОЕКТОТ** ........ **5**

**ВОВЕД** ........ **6**

**ПРЕГЛЕД НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗБ6** ........ **7**

**ТЕРИТОРИЈАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗБ6** ........ **7**

- АЛБАНИЈА ........ 11
- БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 11
- КОСОВО ........ 11
- ЦРНА ГОРА ........ 11
- СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 12
- СРБИЈА ........ 12

**ИСКУСТВА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ** ........ **13**

- АЛБАНИЈА ........ 14
- БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 16
- КОСОВО ........ 16
- ЦРНА ГОРА ........ 17
- СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 18
- СРБИЈА ........ 19

**ДЕМОГРАФИЈА И ЕКОНОМИЈА** ........ **21**

- АЛБАНИЈА ........ 22
- БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 23
- КОСОВО ........ 23
- ЦРНА ГОРА ........ 24
- СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 25
- СРБИЈА ........ 26

**ЗАКЛУЧОЦИ** ........ **26**

# За проектот

**ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА) СПРОВЕДУВА ЕДНОГОДИШЕН ПРОЕКТ НАСЛОВЕН:**
**ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА „ОТВОРЕН БАЛКАН“ (ИОБ)**

**ОСНОВА**
Препознавајќи го недостигот на интерес од страна на ЕУ за проширување кон Западен Балкан, српскиот Претседател Александар Вучиќ, Премиерот на Северна Македонија Зоран Заев и албанскиот Премиер Еди Рама одлучија да „ја земат судбината во свои раце“ и да отпочнат „мини Шенген“ во октомври 2019 година. Во јули 2021 година, оваа идеја прерасна во регионалната иницијатива „**Отворен Балкан**[1]**“.** Иако иницијативата не е замена за членство во ЕУ, таа обезбедува пат кон забрзано членство и искористување на постојните сѐ уште недоволно искористени потенцијали во овие земји, што би ми можело да доведе до дополнителен економски раст и развој и, за возврат, добросостојба на нивните граѓани.

**ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОДРЖУВАЊЕ НА ДИНАМИКАТА**
Развојот и негувањето соседски односи во Западен Балкан со очекување за економски просперитет ќе налага да бидат отстранети граничните контроли и другите бариери за да се олесни движењето на луѓе, стока и услуги, како и капитал низ регионот. Анализите на регионални диспаритети (на пример, крајбрежна наспроти интерна, регионите од Номенклатурата на територијалните единици за статистика 2 (НТЕС 2) и Номенклатурата на територијалните единици за статистика 3 (НТЕС 3), урбана наспроти рурална, главни градови наспроти други градови) од земјите од „Отворен Балкан“ би можеле да понудат увид при поставување на приоритетите за позабрзан раст и интерна конвергенција на регионот „Отворен Балкан“. **Во моментот, недостигаат соодветно разработени анализи за да може да се добие пристап до постојните предизвици.**

Пандемијата КОВИД-19, кризите со храна и енергија, како и војната во Украина, ја покажаа важноста на интерната соработка и координација и потребата од взаемно разбирање и солидарност меѓу земјите од „Отворен Балкан“. Интерната координација и соработка, размената на искуства и солидарност во регионот додаваат вредност на идната интеграција во ЕУ доколку сите земји од „Отворен Балкан“ можат да се согласат.

**АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ОЦЕНКА НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА**
Иако на највисокото политичко ниво сѐ уште постои доказ за политичка волја за „Отворен Балкан“, на административно ниво (или „во пракса“) луѓето сѐ уште не можат вистински да ги почувствуваат придобивките на оваа иницијатива. **Во најмала рака, она што недостига е политичко истражување кое повеќе се заснова на докази во однос на тесните грла за соработката и потенцијалите на шесте земји од „Отворен Балкан“.**

**АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ**
**Независна група експерти од шесте земји, дијагностицирајќи ги и истражувајќи ги тесните грла за соработка и координација меѓу земјите од „Отворен Балкан“, ќе додадат вредност на веќе покажаната политичка волја од иницијативата „Отворен Балкан“, водејќи кон нејзин поструктуриран и систематски развој, насочен кон приоритетите.**

[1] Со иницијативата „Отворен Балкан“, ние ќе го дефинираме територијалниот простор на шесте земји од Западен Балкан - ЗБ6: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија.

# Вовед

Овој документ ги прикажува диспаритетите и сличностите во рамките на и меѓу земјите од ЗБ6. Ние ги анализираме диспаритетите и сличностите во регионите на ЕУ НТЕС 2 и НТЕС 3 во зависност од достапните податоци. Идејата е дека, земајќи ги предвиди Меморандумите за разбирање на ИОБ и Договорите на ИОБ и слободата на движење на ЕУ, некои региони од земјите од ЗБ6 може да бидат послични од други. Со тоа, тие региони од НТЕС кои конвергираат кон одреден кластер, на пример, покажуваат сличности во одредени демографски карактеристики и/или во некои социоекономски карактеристики би можеле да бидат платформа за поефикасно спроведување на слободата на движење во ЕУ и целите на Меморандумите за разбирање на ИОБ и Договорите на ИОБ. Сепак, ова не значи дека регионите со поголеми диспаритети не можат да ги постигнат истите цели. Тоа едноставно покажува дека за послични региони, политиките би се имплементирале поефикасно бидејќи тие се соочуваат со слични предизвици. На оние региони кај кои се забележуваат повеќе диспаритети веројатно ќе им бидат потребни поголеми ресурси за да постигнат конвергенција и помалку нееднаквости. Сметаме дека овие информации се важни за креаторите на политиките со цел обезбедување добросостојба на граѓаните на земјите од ЗБ.

**Овој текст е Книга 1 од Задача 2 и прикажува резиме од извештаите на земјите кои се подготвени од експертите. Следната Книга 2 од Задача 2 го прикажува економскиот преглед на територијалните предизвици, потребите и потенцијалот, додека Книга 3 од Задача 2 ја прикажува кластерската анализа од регионите НТЕС 3 (во зависност од тоа дали има достапни податоци).**

Експертите од овие земји заземаат неутрален став и непристрасен пристап со оглед на тоа што тие ги спровеле прибирањето на податоците и анализата за оваа истражувачка задача. Независно од нивниот конкретен став за ИОБ, без разлика дали е информирана критика или поддршка за иницијативата, нивното мислење не влијаеше на процесот на прибирање на податоците или анализата на податоците во смисла на фаворизирање, отфрлање или поддржување на еден одговор или резултат во однос на другите.

Меѓу земјите од ЗБ6, три се членки на ИОБ, а три се поканети да станат членки, но сè уште не го сториле тоа. Според тоа, оваа анализа се спроведува одделно за земјите членки (Албанија, Северна Македонија, Србија) и за земјите што не се членки (Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора). Земјите од ИОБ од Западен Балкан (Албанија, Северна Македонија, Србија) се дефинирани за да биде појасно во овој документи како „**учеснички**“, а земјите од Западен Балкан кои не се дел од ИОБ (Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора) ќе бидат дефинирани за таа цел како „**земји кои не учествуваат**“.

Во смисла на **методологија**, анализата се врши прво преку претставување на регионалната организација на секоја земја (нивоа НТЕС 2 и НТЕС 3). Регионалните иницијативи во кои учествува секоја земја се наведени заедно со одредени карактеристики. Потоа прикажуваме кои податоци беа прибрани. Прибирањето на податоците зависи од карактеристиките на Меморандумите за разбирање на ИОБ и Договорите на ИОБ. Следно се прикажани диспаритетите и сличностите на ниво НТЕС 3 кои се откриени преку податоците и, на крајот, резултатите од кластерската анализа на прибраните податоци. Следат заклучоци.

# Преглед на земјите од ЗБ6

Табела 1 ја прикажува целокупната состојба на секоја земја од ЗБ6. Согласно класификацијата на земји на Светска Банка според нивото на приходи[2], земјите од ЗБ6 се класифицирани како економии со висок-среден приход. Стапката на невработеност сѐ уште е двоцифрена и релативно висока. Освен тоа, стапките на невработеност на младите се дури и повисоки и достигнуваат една третина, освен за Србија, каде што стапката е малку пониска. НЕЕТ (невработени млади и млади кои не се во процес на образование или обука) индикаторот кај младите исто така има релативно висока вредност. Оттука, овие земји не успеале во транзицијата да креираат средина каде што тие можат да го вработат нивниот човечки капитал со неговиот целосен потенцијал. Најгусто населено е Косово додека најретко населена земја е Црна Гора. Постои релативно голема разлика во просечниот животен век, во опсег до речиси 10 години (Албанците живеат најдолго додека Србите имаат најкраток просечен животен век).

Табела 1. Податоци за земјите од ЗБ6 од извештаите за земјите подготвени од експертите

| | **Албанија** | **Босна и Херцеговина** | **Косово** | **Црна Гора** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население (милиони)** | 2.794 | 3.531 | 1.798 | 0.618 | 1.837 | 6.834 |
| **Површина на земја во km$^2$** | 28.748 | 51.244 | 10.905 | 13.883 | 26.665 | 88.499 |
| **Густина (население/површина)** | 97 | 69 | 165 | 45 | 69 | 77 |
| **БДП за тековни цели (милиони евра)** | 13.283 | 19.000 | 7.958 | 4.995 | 11.714 | 53.306 |
| **БДП по глава на жител (евра)** | 4.681 | 5.445 | 4.486 | 8.002 | 6.378 | 7.800 |
| **Стапка на невработеност** | 11.5 | 17.0 | 20.7 | 14.7 | 15.7 | 17.8 |
| **Стапка на невработеност на млади** | 27.1 | 38.3 | 38.9 | 30.7 | 29.6 | 17.7 |
| **НЕЕТ индикатор за млади** | 26.1 | 19.3 | 32.5 | 21.1 | 19.6 | 16.4 |
| **Просечен животен век од раѓање** | 81.6 | 76.0 | 77.0 | 73.8 | 73.2 | 72.7 |

# Територијална организација на земјите од ЗБ6

Табелата подолу ја прикажува распределбата на општините во земјите од ЗБ6 по класи на население. Најфрагментирани се БиХ, Црна Гора и Северна Македонија измерено според население по општина (околу 25.000 по локална самоуправа). Од друга страна, во просек, поголеми општини има во Албанија, Косово и Србија. Во Албанија, половина од населението живее во седум града со население од повеќе од 100.000. Предизвикот на креаторите на политиките е што овие 7 урбани центри се натпреваруваат за ресурси со другата половина од населението во земјата (другите 54 општини). Концентрацијата на населението во овие градови има значајни импликации за обезбедувањето услуги во другите општини (кои мора да

[2] Видете: https://datahelpdesk.worldbank.org/knowledgebase/articles/906519-world-bank-country-and-lending-groups.

управуваат со големи територии со малку жители). Во двете земји, интерната миграција ја одразува магнетската привлечност на големите урбани центри и отсуството на соодветни регионални и рурални политики насочени кон територијалната редистрибуција на населението. Во БиХ, половина од населението живее во 84 % од општините. Во Косово, слично на Албанија, половина од населението живее во 8 од 38-те општини. Црна Гора има најмалку население од сите земји од ЗБ6 и е најретко населена земја (Табела 1). Половина од населението живее во 4 од 25-те општини (16 % од сите општини). Состојбата во Северна Македонија и Србија е слична како и во Црна Гора. Имено, половина од населението во Северна Македонија и Србија живее во околу 20 % од општините.

Табела 2. Население во општини (локални самоуправи - ЛС) во земјите од ЗБ6. Сивата боја ги означува класите кои собрани заедно сочинуваат околу половина од населението

| | Албанија | | | Босна и Херцеговина | | | Косово | | | Црна Гора | | | Северна Македонија | | | Србија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЛС | % ЛС | % население | ЛС | % ЛС | % население | ЛС | % ЛС | % население | ЛС | % ЛС | % население | ЛС | % ЛС | % население | ЛС | % ЛС | % население |
| **< 5.000** | 3 | 5 | 0,4 | 27 | 18,9 | 1,9 | 3 | 7,9 | 0,5 | 5 | 20,0 | 2,5 | 17 | 21 | 3,0 | 2 | 1 | 0 |
| **5.001–10.000** | 6 | 15 | 2,0 | 17 | 30,8 | 5,2 | 5 | 21,1 | 2,4 | 4 | 36,0 | 6,9 | 16 | 41 | 9,1 | 23 | 17 | 5 |
| **10.001 - 15.000** | 7 | 26 | 4,8 | 22 | 46,2 | 12,6 | 2 | 26,3 | 3,8 | 2 | 44,0 | 11,3 | 11 | 55 | 16,7 | 32 | 40 | 14 |
| **15.001-20.000** | 4 | 33 | 7,3 | 17 | 58,1 | 21,1 | 2 | 31,6 | 5,8 | 4 | 60,0 | 22,6 | 8 | 65 | 24,4 | 20 | 53 | 21 |
| **20.001-30.000** | 17 | 61 | 22,4 | 23 | 74,2 | 37,1 | 3 | 39,5 | 10,1 | 5 | 80,0 | 42,0 | 6 | 73 | 31,9 | 25 | 71 | 36 |
| **30.001-40.000** | 6 | 70 | 29,2 | 14 | 84,0 | 51,2 | 7 | 57,9 | 24,3 | 1 | 84,0 | 46,9 | 5 | 79 | 41,9 | 14 | 81 | 46 |
| **40.001-50.000** | 4 | 77 | 35,5 | 5 | 87,5 | 57,3 | 1 | 60,5 | 26,8 | 2 | 92,0 | 60,7 | 5 | 85 | 54,5 | 8 | 86 | 54 |
| **50.001-60.000** | 1 | 79 | 37,6 | 6 | 91,7 | 66,7 | 6 | 76,3 | 45,5 | 0 | 92,0 | 60,7 | 3 | 89 | 63,4 | 7 | 91 | 63 |
| **60.001-70.000** | 4 | 85 | 46,5 | 4 | 94,5 | 74,1 | 1 | 78,9 | 49,4 | 1 | 96,0 | 60,7 | 5 | 95 | 81,2 | 2 | 92 | 66 |
| **70.001-100.000** | 2 | 89 | 52,2 | 2 | 95,8 | 79,0 | 5 | 92,1 | 74,0 | 0 | 96,0 | 60,7 | 4 | 100 | 100,0 | 4 | 95 | 73 |
| **100.001-200.000** | 6 | 98 | 80,1 | 6 | 100,0 | 100,0 | 3 | 100 | 100,0 | 1 | 100,0 | 71,7 | 0 | 100 | 100,0 | 6 | 99 | 95 |
| **< 200.000** | 1 | 100 | 100,0 | 0 | 100,0 | 100,0 | 0 | 100 | 100,0 | 0 | 100,0 | 100,0 | 0 | 100 | 100,0 | 1 | 100 | 100 |
| **Вкупно** | 61 | | | 143 | | | 38 | | | 25 | | | 80 | | | 144 | | |
| **Население/ЛС Во ‘000** | 46 | | | 25 | | | 47 | | | 25 | | | 23 | | | 47 | | |







Слика 1. Распределба на ЛС во ЗБ6 во класи на население

Концентрацијата на населението во земјите од ЗБ6 се гледа во општините со население до 30.000 (69 % од сите 491 општини на левата страна од Слика 1). На десната страна на Слика 1, Албанија и Косово немаат толку многу концентрација на население во општини со население до 40.000. Во Црна Гора, 23 од 25 општини имаат население до 50.000. БиХ, Северна Македонија и Црна Гора се слични по тоа што 20 % од нивните општини имаат помалку од 5.000 жители. Ова генерира дополнителни трошоци заради техничката (не)ефикасност и високите фиксни трошоци за обезбедување услуги за граѓаните за малите општини во овие земји.

Понатаму во текстот даваме информации по земја. Повеќе информации се достапни во извештаите на земјите кои беа подготвени од експертите.

## Албанија

Албанија има региони НТЕС 2 за статистички и плански цели. Нивото НТЕС 3 (на албански терминот е *qark*) има претставничко регионално тело (регионален совет) формиран од претставници од избраните тела на составните општини. Регионалниот совет го избира раководителот на регионалниот совет и одборот. Се избираат и општински претставник и извршни тела. Во 2020 година, Албанија воведе четири развојни региони во согласност со Законот за регионален развој и кохезија.

## Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина (БиХ) има пристап до Јадранското Море (крајбрежје со должина од 24 километри). Уставната и институционалната архитектура на земјата е силно децентрализирана со два асиметрични региони (ентитетите на Федерацијата и Република Српска) и самоуправувана локална заедница, Округот Брчко. Поголемиот од двата региони, ентитетот на Федерацијата, е дополнително децентрализиран и се состои од десет кантони. Има вкупно 143 локални заедници (Округ Брчко, 79 во Федерацијата, 63 во Република Српска).[3] БиХ има 32 града и 112 општини.

Босна и Херцеговина е во рана фаза на подготовка во областа на статистиката. Земјата нема договор на ниво на единиците НТЕС 2 и 3 (само времен договор за НТЕС 2). Статистичките податоци на земјата се децентрализирани и често неусогласени. Покрај тоа, не се прибрани неколку статистички податоци, како што се податоците за надворешна миграција или НЕЕТ индикаторот за млади. БиХ е втора најголема земја и економија во Западен Балкан, по Србија.

Меѓу трите единици на НТЕС 2, ентитетите на Федерацијата и Република Српска се речиси еднакви по големина (26.110 $km^2$ и 24.641 $km^2$). Третата единица, Округот Брчко, е значително и околу 50 пати помала (493 $km^2$). Федерацијата има пристап до Јадранското Море (крајбрежје со должина од 24 километри), додека Округот Брчко во северниот дел на БиХ има пристап до реката Дунав преку пристаништето на реката Сава. Република Српска е територија опкружена со копно.

## Косово

Косово е земја опкружена со копно со локална влада на едно ниво која се состои од 38 општини, вклучително главниот град Приштина. Нивоата НТЕС 1 и НТЕС 2 се однесуваат на територијата на Косово и постојат седум административни и статистички плански региони на ниво НТЕС 3. Од 38 општини, 10 се сметаат дека се општини со мнозинство Срби, кои се основани во текот на процесот на децентрализација спроведен по 2008 година, по косовската декларација за независност. Процесот за децентрализација во најголем дел беше креиран како формула за споделување на надлежноста со цел да се олесни интеграцијата на српската заедница во Косово врз основа на Планот на Ахтисари.

## Црна Гора

[3] Четири општини во Федерацијата го формираат градот Сараево, а шест општини во Република Српска го формираат градот Источно Сараево. Двата града не се пресметани во 143-те локални заедници.

Во однос на номенклатурата на територијалните единици за статистика, територијата на Црна Гора е веднаш на нивоата НТЕС 1, НТЕС 2 и НТЕС 3 и има 25 локални административни единици (општини). Ако 10.000 жители се користи како критериум за класифицирање на општините како рурални или урбани, тогаш 9 општини се рурални (помалку од 10.000 жители) и 16 се урбани (повеќе од 10.000 жители).

Иако територијалната поделба на Црна Гора често се прави во крајбрежните, централните и северните региони, всушност не постои никаква статистика која се однесува на оваа поделба. Сепак, крајбрежниот регион е главно туристички ориентиран и ги вклучува следните општини: Улцињ, Бар, Будва, Котор, Тиват и Херцег Нови. Централниот регион има најголем број жители, имајќи предвид забележувајќи дека главниот град Подгорица и градот Цетиње се наоѓаат таму, а таму се и Никшиќ, Даниловград, Зета и Тузи. Северниот регион главно се заснова на земјоделско производство и ги вклучува сите други општини на Црна Гора, иако исто така таму има и два зимски туристички центри: Колашин и Жабљак.

## Северна Македонија

Република Северна Македонија (РСМ) е земја опкружена со копно со едностепена локална самоуправа која се состои од 80 општини, плус главниот град Скопје како одделна единица на локална самоуправа (содржи 10 од 80-те општини). Нивоата НТЕС 1 и НТЕС 2 се однесуваат на територијата на Северна Македонија и постојат осум статистички плански региони на ниво НТЕС 3. Територијата на РСМ изнесува 25.436 $km^2$. Сите 80 единици на локалната самоуправа се дел од еден од 8 статистички плански региони. ЕЛС во Северна Македонија се територијални единици од ЛАЕ 1 (Локални административни единици 1) (поранешно ниво НТЕС 4[4]). Централната и локалната влада на РСМ одржува избори секои 4 години каде што, на пример, се избираат градоначалници и општински совети. Осумте статистички региони од нивото НТЕС 3 служат само за статистички плански цели и немаат никаква надлежност да назначуваат или да избираат водство. Осумте плански региони се уредени со Законот за рамномерен регионален развој во РСМ[5].

## Србија

Република Србија е земја опкружена со копно со територија од 77.589 $km^2$ и население од 6,8 милиони. Уставот на Република Србија[6] го гарантира правото на граѓаните на покраинска автономност и локална самоуправа. Србија е организирана на територијална, административна и статистичка основа.

Територијалната организација на Србија е уредена со Законот за територијална организација[7] кој ја дели Србија на 144 општини, 28 града и градот Белград[8], како територијални единици или единици на локалната самоуправа (вкупно 173) и 2 автономни покраини (Војводина и Косово и Метохија) како форми на територијална автономност. Покрај тоа, според истиот закон, единиците на локалната самоуправа се состојат од населени области (4.709 - меѓу кои 167 се урбани додека останатите се рурални) и катастарски општини (4.523)[9].

[4] За повеќе, видете: https://ec.europa.eu/eurostat/web/nuts/local-administrative-units.
[5] За повеќе, видете : https://mls.gov.mk/images/files/Zakon%20za%20ramnomeren%20regionalen%20razvoj-mk.pdf.
[6] https://www.paragraf.rs/propisi/ustav_republike_srbije.html
[7] https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_teritorijalnoj_organizaciji_republike_srbije.html
[8] Од 29 града, 5 од нив - Белград, Ниш, Ужице, Пожаревац и Врање - имаат свои сопствени општини. https://www.stat.gov.rs/media/4254/gradovi_sa_go-2.pdf
[9] Овие бројки не ја вклучуваат автономната покраина Косово и Метохија.

Административната организација на Србија е уредена со Уредба за административни (управни) окрузи[10] и со гореспоменатиот Закон за територијална организација. Покрај единиците на локалната самоуправа и автономните покраини, Србија е административно поделена на административни окрузи (срп. *upravni okruzi*). Административен округ се формира за целите на спроведување државни административни задачи надвор од седиштето на централната влада. Административните окрузи ги немаат надлежностите на единиците на локална самоуправа, ниту пак се дел од територијалната организација на Република Србија. Со уредба, Србија е поделена на 29 (де факто 25) административни окрузи и областа на секоја административен округ вклучува одреден број општини и градови. Градот Белград, како главен град, исто така зазема статус на еден од административните окрузи.

На крајот, статистичката организација на Србија е уредена со Уредбата за номенклатурата на статистичките единици.[11] Според уредбата, територијата на Србија е поделена за статистички цели на прибирање, обработка, визуелизација и анализирање на податоци во три посебни единици - НТЕС 1, НТЕС 2 и НТЕС 3.

# Искуства за регионален развој

Обезбедуваме информации за земјите во однос на регионалниот развој на ниво НТЕС 3, но повеќе детали се достапни во извештаите на земјите подготвени од експертите.

Табела 3. НТЕС 3 во земјите од ЗБ6 од извештаите за земјите подготвени од експертите

| | **Албанија** | **Босна и Херцеговина** | **Косово** | **Црна Гора** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население (милиони)** | 2,794 | 3,531 | 1,798 | 0,618 | 1,837 | 6,834 |
| **Урбани единици (населби, општини, административни единици)** | 67 | 31 | 23 | 16 | 43 | 167 |
| **Рурални единици (населби, градови/општини, административни единици, населени области)** | 306 | 112 | 15 | 9 | 37 | 4.542 |
| **НТЕС 1** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| **НТЕС 2** | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| **НТЕС 3** | 12 | Не се достапни податоци | 7 | 1 | 8 | 25 |
| **Компетенции на НТЕС 3** | | Сѐ уште нема дефинирано НТЕС 3 | За статистички плански цели | Целата земја но де факто: Јужен регион; | За статистички плански цели | НТЕС 3 е административна деконцентрација |

[10] https://www.paragraf.rs/propisi/uredba_o_upravnim_okruzima.html.
[11] http://www.pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/vlada/uredba/2009/109/10/reg

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Централен регион; Северен регион; | | За развојни цели постојат четири региони |
| **Диспаритети на НТЕС 3** | Опстојуваат од 2016 година | Не се достапни податоци | Опстојуваат од 2016 година | Крајбрежен регион спореден со рурален северен дел | | Нема промена во последните 6 години, освен Јужна и Источна Србија кои имаат подобри резултати и ги надминаа Западниот регион и регионот Шумадија |

Додека Босна и Херцеговина е децентрализирана со два асиметрични региона (ентитетите на Федерацијата и Република Српска) и заедницата на локалната самоуправа на Округот Брчко и сè уште не е организирана на ниво НТЕС 3, Црна Гора е единствен регион на ниво НТЕС 3. Освен тоа, де факто диспаритети во Црна Гора се забележани меѓу крајбрежните општини и руралниот северен дел. Од друга страна, регионалната организација на НТЕС 3 во Северна Македонија, Албанија и Косово е само за статистички цели. Диспаритетите меѓу НТЕС 3 во овие три земји постојат подолго од една деценија. Во Србија, НТЕС 3 е за целите на административна деконцентрација додека за целите на развој постојат четири региони. Во последните 5 години, најмалку развиениот регион во Србија ги подобри своите резултати и ги надмина сличните на него. Обезбедуваме информации по земја, иако повеќе детали се достапни во извештаите за земјите подготвени од експертите.

## Албанија

Со оглед на тоа дека НТЕС 3 е важна за статистички цели, на административно ниво улогата на овие региони е прилично елементарна. Последната територијална и административна реформа од 2014 година речиси не ја промени улогата на локалната власт во 12-те региони.

По значителна контракција на нееднаквостите на регионално ниво како што е измерено со коефициентот на варијација претставен на Слика 2 [12], во последните 5 години тие се

[12] Коефициентот на варијација ја мери просечната девијација од просекот (средната вредност). Односно, во нашиот случај тоа е мерење на релативната стандардна девијација на секој регион од просечниот БДП по глава на жител.

стабилизирани (коефициентот на варијација е во опсег меѓу 0,2 и -0,21). Сепак, индексот на БДП по глава на жител во евра покажува дека диспаритети постојат на регионално ниво.

Слика 2. Коефициент на варијација за 12 региони на ниво НТЕС 3 во Албанија




Извор: ИНСТАТ и пресметки на авторите

Слика 3. БДП по глава на жител за 12-те региони на ниво НТЕС 3 во Албанија (Албанија = 100), 2021




БДП по глава на жител се зголемил во сите региони во 2021 година, при што регионите од НТЕС 3, Тирана, Фиер и Ѓирокастро, го надминуваат националниот просек. Постојат значителни варијации во придонесот на 12-те региони на НТЕС 3 во однос на номиналниот БДП (во евра). Тирана, примарно водена од градежништво, недвижен имот и трговски активности, надминува 44 % од вкупниот БДП. Кога зборуваме за кумулативните бројки, регионите на Тирана, Драч (трговија на големо и мало, транспорт и складирање, угостителство, прехранбени активности) и Фиер (трговија и индустрија на ископување, особено во нафтениот сектор) заедно сочинуваат повеќе од 65 % од формацијата БДП и БДВ. Северниот регион, карактеристичен по различните сектори кои придонесуваат за формацијата на БДВ како што се

Колку е повисок коефициентот на варијација, толку е поголема девијацијата од просекот односно толку понерамномерни се регионите кога се мери по БДП по глава на жител.

земјоделство, трговија, туризам, ископување и производство на електрична енергија, го зазема најмалиот удел во БДП/БДВ. Јужниот регион, кој ги опфаќа познатите крајбрежни области и туристички дестинации, е многу блиску. Додека крајбрежните региони поседуваат потенцијал значително да придонесат за БДП, тие се соочуваат со предизвици како што се структурни проблеми и недостатоци во инфраструктура, човечки ресурси, неформалност и други фактори кои го спречуваат создавањето вредност.

## Босна и Херцеговина

Дефинирани се привремени единици на ниво НТЕС 2 кои се состојат од ентитетите на Федерацијата и Република Српска, и Округот Брчко, иако не се дефинирани единици на НТЕС 3.

## Косово

Како што е споменато, основната територијална единица на локалната самоуправа во Косово е општината, додека НТЕС 1 и НТЕС 2 се однесуваат на територијата на Косово составена од 38 општини. Сепак, за статистички и административни цели, овие 38 општини често се групирани во 7 региони на ниво НУТС 3. Овие седум региони на ниво НУТС 3 во Косово ги вклучуваат: Феризај/Урошевац, Ѓаково/Ѓаковица, Ѓилан/Гњилане, Митровица, Пеја/Пеќ, Приштина и Призрен. Наспроти тоа, во согласност со Законот за полиција бр. 04/L-076[13] постојат осум Регионални полициски директорати, при што осмиот директорат е регионот на Северна Митровица, главно регион со српско население. Регионалните директорати имаат регионална надлежност над помалите општини што ги опкружуваат. Според тоа, начинот на кој законот за полиција ги организира административните и статистичките региони се користи нашироко во Косово.

Првиот обид да се усвои регионален пристап за развој во Косово беше направен во 2008 година кога Министерството за локална самоуправа поддржано од Канцеларијата на ЕУ во Косово основа пет Регионални агенции за развој кои го поделија Косово во пет географски зони (Центар, Исток, Запад, Југ, Север)[14]. Сепак, овие агенции прекинаа со работа кога престана финансирањето од ЕУ. Во напорот да се реши развојната нерамнотежа меѓу регионите, Косово основа Министерство за регионален развој[15]. Планот за финансирање на Министерството налага рамномерен регионален развој, кој вклучува можности за финансирање за деловната заедницата и општините.

Иако овие региони на ниво НТЕС 3 во Косово не сочинуваат правен или политички ентитет, тие можат да се идентификуваат по регистарските таблици на возилата каде што секој регион има назначено посебен број (од 1-7), каде што (1) е Приштина, притоа помалите општини кои ги опкружуваат наведените региони исто така го добиваат истиот број. Недостигот на унифицирана политика на регионите во Косово значи дека целокупните податоци за регионот варираат во зависност од изворите. Бидејќи општината е главниот град во Косово, регионот на Приштина е најгусто населен и најразвиен округ во Косово. Во однос на развојот, по Приштина следуваат Призрен, Урошевац и Пеќ, при што регионот на Митровица наголемо се смета како најмалку развиен. Регионот на Митровица (Север и Југ) исто така се смета за жариште за етнички тензии.

---

[13] Види член 32 од Закон за полиција бр. 04/L-076, достапен на: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2806
[14] Види: https://ardacentre.org/wp/
[15] Посетете: https://mzhr.rks-gov.net/page.aspx?id=2,1,1,1

Во 2018 година, владата одобри концептуален документ за регионален развој кој ги вклучува плановите за утврдување развоен регион како „функционална територија за имплементација на интегрирани регионални развојни политики, со населби, економии, инфраструктури и природни системи во рамномерна, унифицирана просторна заедница каде што може да се обезбедат еднакви можности за рамномерен регионален развој.[16] Во 2021 година, владата на Косово исто така ја одобри Стратегијата за регионален развој 2020-2030 година и Акцискиот план. Стратегијата има три општи стратешки цели: Координација на регионални политики за развој; Рамномерен регионален развој и региони кои имаат капацитет за меѓурегионална конкурентност; и искористување на природните, културните и човечките ресурси во служба на одржлив регионален развој [17]. Една од владините цели е да се намалат регионалните диспаритети на 70 % до 2030 година преку рамномерна финансиска помош за приватните и јавните сектори.

## Црна Гора

Црна Гора е поделена на нивоата НТЕС 1, НТЕС 2 и НТЕС 3, територијалната поделба во Црна Гора често се прави на крајбрежни, централни и северни региони. Сепак, крајбрежниот регион е примарно туристички ориентиран и ги вклучува следните општини: Улцињ, Бар, Будва, Котор, Тиват и Херцег Нови. Централниот регион има најголем број жители, имајќи предвид дека главниот град Подгорица и градот Цетиње се наоѓаат таму, а таму се и Никшиќ, Даниловград, Зета и Тузи. Северниот регион најмногу е насочен кон земјоделско производство и ги вклучува сите други општини од Црна Гора, иако таму има и два зимски туристички центри: Колашин и Жабљак.

Нееднаквиот развој на северот во споредба со југот на земјата е очигледен. Една од мерките за развој на северниот регион беше да се изгради автопатот, кој е целосно завршен (барем делницата на автопатот). Сепак, оваа единствена мерка истовремено веќе го поттикна развојот на северот, што е веднаш видливо во тековните инвестиции во Колашин денес, што ја вклучува изградбата на ски-центри и десетина хотели од висока класа, кој претходно беше една од најмалку развиените општини. Овој пример очигледно покажува дека јасната стратегија за регионален развој може да обезбеди еднаков регионален развој на земјата.

Пет општини во Црна Гора имаат повисок индекс на развој од остатокот од земјата, од кои четири се од крајбрежниот регион (Будва, Тиват, Херцег Нови, Котор), додека петтиот, Подгорица, е главниот град. Развојот на крајбрежниот регион значително беше подобрен со изградбата на големи туристички проекти: населби со пристаништа за јахти и луксузни сместувачки капацитети, финансирани со директни странски инвестиции (Порто Монтенегро, Порто Нови, Луштица Беј). Меѓу крајбрежните општини, Бар, каде што има големо пристаниште, е благо под просечното ниво на развој, додека Улцињ, кој има исклучително природна убавина и песочна плажа со должина од 13 километри, е на нивото на развој на северните општини. Покрај одредени девијации меѓу поединечни општини во регионот (крајбрежен, централен, северен), според тоа главната рамка јасно покажува понапреден развој на крајбрежниот и централниот дел од земјата споредено со северот.

[16] За повеќе, видете: https://mzhr.rks-gov.net/desk/inc/media/1E2A13A2-A0AD-4C22-A6F5-B35A8A3AFB32.pdf
[17]Стратегија за рурален развој 2020-2030 година. Достапна на: https://mzhr.rks-gov.net/desk/inc/media/34EC69C2-E0F8-49EA-B4E7-42D71001F22C.pdf

## Северна Македонија

Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија бр. 63/07) ја дели Северна Македонија на осум статистички плански региони - исто како и статистичките региони на нивото ЕУ НТЕС 3[18]. Во согласност со НТЕС, македонската територија е класифицирана на нивоата НТЕС 1 и НТЕС 2. Планските региони се за статистички цели и за планирање рамномерен регионален развој; не им се доделени ниту расходи ниту приходи, освен пренос од 1 % од БДП[19] (по закон) кој се дели меѓу регионите во зависност од нивниот индекс на развој и варијаблите (социо-економски и демографски). Целите на овој закон не се постигнати бидејќи кај регионите сè уште се забележуваат нееднаквости, како што е прикажано на следните графикони. Овие нееднаквости се зголемиле од 2011 година кога се измерени со коефициентот за варијација[20] (Слика 4), а опсегот на нееднаквости е релативно широк споредено со просечниот БДП по глава на жител за Северна Македонија (Слика 5).

Слика 4. Коефициент на варијација за осумте региони на НТЕС 3 во Северна Македонија




Извор: Публикација на Државен завод за статистика: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=815

[18] Имајте предвид дека има нов Закон за рамномерен регионален развој (СВ, 24/21).

[19] Имајте предвид дека просечната распределба од централниот буџет за рамномерен регионален развој од 2007 до 2020 година изнесува приближно 0,02 % од БДП.

[20] Коефициентот на варијација ја мери просечната девијација од просекот (средната вредност). Односно, во нашиот случај тоа е мерење на релативната стандардна девијација на секој регион од просечниот БДП по глава на жител. Колку е повисок коефициентот на варијација, толку е поголема девијацијата од просекот односно толку понерамномерни се регионите кога се мери по БДП по глава на жител.

Слика 5. БДП по глава на жител за осумте региони во Северна Македонија




*Извор: Публикација на Државен завод за статистика:* *https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=815*

Според индексот за развој на планските региони во Северна Македонија, само Скопскиот регион се карактеризира со ниво на развој над националниот просек, додека сите други региони се под него.[21] Разликата меѓу Скопскиот регион (1,51) и вториот најразвиен регион - Југоисточниот (0,97) - е значителна, додека јазот во развојот меѓу Скопскиот регион и најмалку развиениот регион - Североисточниот (0,63) - е исклучително голем. Најголем напредок меѓу овие два периода може да се забележи во Источниот регион, каде што индексот е зголемен за 0,29 поенти, при што најмал напредок е забележан во Скопскиот регион.

## Србија

Регионалниот развој во Србија е уреден со Законот за регионален развој[22] додека официјалните бројки за развој се прикажани на регионално ниво и на нивоа на општина/град во согласност со Регулативата за основање единствен список на развојни региони и единици на локална самоуправа за 2014 година.[23] Класификацијата по региони според нивното ниво на развој се заснова на вредноста на БДП по глава на жител во регионот во однос на националниот просек за даден референтен период. На пример, според оваа регулатива, „развиените" региони со БДП по глава на жител повисок од националниот просек ги вклучуваат Белградскиот регион и регионот на Војводина додека „неразвиените" региони ги вклучуваат Шумадија и Западна Србија, Јужна и Источна Србија и регионот на Косово и Метохија.

Ако ги анализираме поновите податоци, како што е прикажано на следната слика, регионалната нееднаквост не е значително променета во последните 6 години. Најразвиените региони Белград и Војводина релативно ги намалиле нивните развојни предности. Сепак, интересно е дека порано најмалку развиениот регион на Јужна и Источна Србија „отскокнал" најмногу (со вредност на индексот од речиси 10 процентни поени) и „ги надминал" Шумадија и Западна Србија во смисла на нивото на развој.

[21] За повеќе, видете: http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Strategija_Za_Regionalen_Razvoj_Na_Republika_Makedonija_2009-2019_GODINA.pdf

[22] https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_regionalnom_razvoju.html

[23] https://ras.gov.rs/uploads/2019/01/uredba-o-utvrdivanju-jedinstvene-liste-razvijenosti-regiona-i-jedinica-l-2.pdf

Слика 6. Регионален БДП по глава на жител (Србија = 100)




Извор: Завод за статистика на Република Србија

Постојат значителни регионални разлики во Србија кога станува збор за други индикатори за развој. На пример, Белград, како што веќе е забележано, како најразвиен град во Србија, собира голема количина на работоспособно население од другите региони, што го објаснува значително поголемиот број доктори, научни работници во вкупната вработеност, како и пониските стапки на долгорочна невработеност, невработеност на млади и стапките на индикаторот НЕЕТ.

# Демографија и економија

Табела 4. Демографски и економски податоци за земјите од ЗБ6 од извештаите за земјите подготвени од експертите

| | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население (природен прираст)** | -1 % | -7 % | +1 % | -3 % | -5 % | -22 % |
| **Попис (година)** | 2011 | 2013 | 2011 | 2011 | 2021 | 2022 |
| **Главни двигатели на БДП** | Земјоделство и шумарство, градежништво и индустрија | Трговија, транспорт, туризам и индустрија | Трговија, транспорт, туризам и индустрија | Трговија, транспорт, туризам и индустрија | Трговија, транспорт, туризам и индустрија | Индустрија и трговија, транспорт, туризам |
| **Број на туристи** | 13.009.619 | 960.383 | 109.085 | 2.183.975 | 702.463 | 3.462.532 |
| **Број на ноќевања по соба** | 93 | 129 | Не се достапни податоци | 595 | 77 | Не се достапни податоци |
| **МСП во % вкупно** | 98,3 | 99,0 | Не се достапни податоци | 99,9 | 98,3 | 99,4 |
| **Високообразовани дипломирани лица на 1000 жители** | 12 | 4 | Не се достапни податоци | 5 | 12 | 9 |
| **Научни работници како процент од вкупната вработеност** | NA | 0,3 | Не се достапни податоци | 0,2 | Не се достапни податоци | 0,8 |
| **Лекари или доктори на 100.000 жители** | 64 | 234 | Не се достапни податоци | 273 | 64 | 301 |
| **Домаќинства со пристап до широкопојасен интернет: % на домаќинства** | 78,3 | 75,5 | 93,0 | NA | 78,3 | 81,4 |

Земјите сѐ уште треба да организираат попис, освен Северна Македонија и Србија кои направија пописи во 2021 година и 2022 година, соодветно. Постојат предизвици со податоците за Косово. Земјите се соочуваат со негативен природен прираст на населението со влошената состојба во Србија (-22 %), а само кај Косово може да се забележи позитивен природен прираст од 1 %, Овие трендови ќе резултираат со пад на работоспособно население и заедно со искуството кое произлегува од индикаторот НЕЕТ на младото население, иселувањето и значителното заминување на млади лица ги ставаат земјите од ЗБ6 во ризик да бидат фатени во замка од развојот на таленти (ЕУ 2023)[24]

[24] За повеќе, видете: https://eur-lex.europa.eu/resource.html?uri=cellar:3c43b2f5-9690-11ed-b508-01aa75ed71a1.0001.02/DOC_1&format=PDF.

Главните двигатели на БДП во земјите од Западен Балкан се трговијата, транспортот, туризмот и индустријата. Малите и средните претпријатија (МСП) се доминантната форма на деловни правни субјекти во овие земји. Бројот на туристи во Албанија е двојно поголем од бројот на туристи во другите земји, но во однос на бројот на ноќевања, Црна Гора има најдобри резултати. Највисокиот број на високообразовани дипломирани студенти има во Северна Македонија и Албанија, иако бројот на научни работници во вкупниот број вработени е помал од 1 % во сите земји од ЗБ6 (во ЕУ-27 тој е 1,4 %). Бројот на доктори во населението е најнизок во Северна Македонија и во Албанија. Пристапот до широкопојасен интернет за домаќинствата е најчест меѓу домаќинствата во Косово.

Понатаму во текстот даваме информации по земја. Повеќе информации се достапни во извештаите на земјите кои беа подготвени од експертите.

## Албанија

Демографскиот профил на Албанија има значителни промени во последните децении. Населението на Албанија се проценува на околу 2,8 милиони жители (Попис од 2011 година), со релативно млада структура на населението. Миграцијата исто така има значителна улога во формирањето на демографијата на Албанија, при што големиот број Албанци емигрираат кон други земји во потрага по подобри економски можности (особено, во последната деценија, има одлив на висококвалификувани човечки ресурси, особено доктори, медицински сестри, инженери и професионалци во областа на информатичката технологија).

Албанија сѐ уште се соочува со предизвици како што се висока невработеност, неформална економија, корупција и несоодветна инфраструктура. Владата спроведе реформи во насока на подобрување на деловната клима, привлекување странски инвестиции и промоција на претприемништвото за да се решат овие предизвици. Поголемите претпријатија (50+ вработени) претставуваат само 2 % од вкупниот број активни претпријатија, пред сѐ се наоѓаат во Тирана, Драч и Фиер. Овие податоци откриваат дека албанската економија главно се води од МСП кои се клучни за економскиот раст и развој.

Туризмот се смета за приоритетен сектор во Албанија заради неговиот потенцијален придонес за бруто додадената вредност и вработувањето. Соодветно на тоа, бројот на туристи постепено се зголемува (со исклучок на периодот на КОВИД-19), достигнувајќи 13 милиони во 2022 година.

Инфраструктурните и транспортните услуги се главни елементи кои го спречуваат или забрзуваат економскиот развој. Инфраструктурниот и транспортниот систем на Албанија значително се подобри во последните години, иако сѐ уште постои простор за понатамошен развој. Железничкиот транспорт е исто така достапен, но мрежата е релативно ограничена и системот е недоволно развиен.

Четирите главни пристаништа во Албанија се наоѓаат во Драч, Шенѓин, Валона и Саранда, при што пристаништето во Драч е најголемо. Албанската влада донесе амбициозна стратегија за поморскиот превоз во 2020 година [25], вклучително единствен инвестициски план за консолидирање и подобрување на пристанишната инфраструктура низ земјата. Стратегијата предвидува преселување на обработката на товарот надвор од урбаните области и повторен развој на пристаништето на градот за крстарења/јахти и туристички услуги со висок стандард. Надлежните органи на пристаништето во Драч ќе управуваат со две пристаништа,

[25] Извор: https://planifikimi.gov.al/index.php?id=1120

пристаништето Порто Романо за обработка на товар и пристаништето (марината) Драч за услуги поврзани со туризмот.[26] Истото важи и за Пристаништето Валона кое е во инвестициска фаза на негова трансформација во луксузно пристаниште за туристички цели.[27]

## Босна и Херцеговина

БиХ има население од 3,5 милиони според последниот попис одржан во 2013 година (сè уште нема договор за нов попис). Околу 62 % од населението во БиХ живее во ентитетот на Федерацијата (2,2 милиони), додека 35 % од населението живее во ентитетот Република Српска (1,2 милиони). Во третата единица на НЕТС 2, Округот Брчко, живее само 3 % од населението (85.000). Со 5.949 евра по глава на жител, Федерацијата е малку подобра од Округот Брчко (5.794 евра) и Република Српска (5.665 евра). Истото се однесува и за БДП по глава на жител како процент од ЕУ-27 каде што трите региони имаат просек од 16,8 %.

Над 70 % од новорегистрираните деловни субјекти во БиХ се наоѓаат во единицата на НЕТС 2 на Федерацијата. Федерацијата исто така има три пати повеќе активни претпријатија, вклучително два пати повеќе големи активни претпријатија. Меѓу трите единици на НЕТС 2, Република Српска е фокусирана на домашните туристи додека Федерацијата е повеќе насочена кон странскиот туризам. Округот Брчко, споредено со другите два региони, има помалку развиен туристички сектор. Имајќи ја предвид сличната големина меѓу Федерацијата и Република Српска, должината на патиштата и железничката мрежа се чини дека е приближно иста. Во исто време, сепак, Федерацијата превезува два пати повеќе патници во патниот транспорт и три пати повеќе во железничкиот транспорт. Во Федерацијата, споредено со Република Српска, речиси два пати повеќе стока се превезува во железнички транспорт. Ова ги одразува разликите во резултатите на населението и економските резултати.

## Косово

Според податоците од пописот од 2011 година, Косово има население од 1.798.188 од кои 92 % се Албанци, 1,5 % Срби и 5,6 % припаѓаат на други етнички групи (на пример, Босанци, Роми, Ашкали, Горани, Турци и др.).[28] Демографските трендови во Косово го отсликуваат остатокот од Западен Балкан, со проценет пад на населението од 1,8 милиони лица во 2011 година на проценети 1,6 милиони, или пад од околу 11,11 %. Косовскиот Премиер изјави дека Косоварите ја напуштаат земјата бидејќи нивните дипломи не се соодветни со она што се бара на пазарот на труд [29]. Интерната миграција во Косово, како во остатокот од Западен Балкан, е концентрирана на главниот град Приштина. Демографските податоци покажуваат дека околу 27 % од целокупното население на Косово живее во Приштина.

БДП на Косово по глава на жител се проценува на околу 5.269 УСД, бруто плата од 484 евра, додека стапката на невработеност се проценува на 20 %. Државните трошоци во Косово за образование изнесуваат до 4,7 % од БДП, но земјата го има најмалиот број високообразовани дипломирани лица на 1.000 жители (3), споредено со остатокот од Западен Балкан. Државната минимална плата е 130 евра за вработени под 35 години и 170 евра за вработени над таа возраст.

---

[26] Концептот може да се најде овде: https://www.youtube.com/watch?v=7lfCdZYLFpc и овде https://www.youtube.com/watch?v=8x8nK93Tbm8

[27] Концептот може да се најде овде: https://balfinrealestate.al/sq/vlora-marina-2/

[28] Српската заедница од северот на Косово (општините: Лепосавиќ, Жубин Поток, Звечан и Северна Митровица) не учествуваа во пописот на населението во 2011 година и според тоа податоците не се целосно соодветни во однос на српското население во Косово.

[29] Видете го написот во Gazeta Express од 30 март 2023 година, кој го цитира Премиерот Курти, достапен на: https://www.gazetaexpress.com/sipas-kurtit-kjo-eshte-nje-nga-arsyet-pse-kosovaret-po-ikin-nga-vendi/

Услугите се примарниот сектор за вработување во Косово со 67 % од сите вработени, потоа следи индустријата со 16 %, градежништвото со 11 % и земјоделството со 4 %. Паричните дознаки сочинуваат над 14 % од БДП на Косово. МСП сочинуваат 99 % од трговските друштва. Земјите од ЦЕФТА се главната дестинација за стока која е извезена од Косово додека земјите членки на Европската Унија (ЕУ) се примарниот извор на стока која е увезена во Косово.

Во 2021 година, според Извештајот за земјата од ЕУ за Косово извозот кон областа ЦЕФТА изнесувал 276,7 милиони евра, а увозот достигнал 886,9 милиони евра. Основните суровини и минерални производи се главната стока која се извезува од Косово. Според Светска Банка, „Растот на БДП се очекува да биде најголем, достигнувајќи 3,7 проценти во 2023 година. Мерливиот импулс на приватната потрошувачка и извозот на услуги од дијаспората во 2021 и 2022 година се очекува да се намали врз основа на очекуваното забавување на растот на ЕУ.[30] Иако туризмот не е високо развиен во Косово, некои културни настани како што е годишниот Меѓународен фестивал за документарни и кратки филмови „ДокуФест“[31], кој се одржува во Призрен, привлекува околу 60.000 посетители[32]. Патната инфраструктура во Косово е значително подобрена од 1999 година со два високо квалитетни автопати кои сега го поврзуваат Косово со Албанија и Северна Македонија. Сепак, кога се споредува со регионот, Косово ги има најкратките патишта прикажано во километри.

## Црна Гора

Што се однесува до демографијата на Црна Гора, треба да се забележи дека интерните миграции, кои се статистички забележани, главно се однесуваат на движење од други делови на Црна Гора кон Подгорица, како административен центар, и кон Будва, како туристички центар. Понатаму, иако нема никакви официјални податоци за бројот на лица кои мигрирале надворешно, црногорската дијаспора се проценува на околу 400.000 луѓе кои времено работат или престојуваат во друга земја. Друга важна карактеристика на Црна Гора е дека значителен удел од недвижнините во Црна Гора е во сопственост на лица кои не се од Црна Гора, но исто така сега, заради војната во Украина, околу 30.000 лица од Украина и Русија живеат во Црна Гора. Ова беше карактеристично за Црна Гора во претходните периоди како и кога голем број раселени лица беа примени од Босна и Херцеговина и Косово заради воените настани во овие земји. Значителен број од тие лица продолжуваат да живеат во Црна Гора.

Познато е дека црногорската економија главно се заснова на туризам. Речиси една третина од приходите на земјата потекнуваат од туризам. Освен тоа, една од клучните карактеристики на црногорската економија, особено прехранбената, вреди околу 450 милиони евра годишно, што е некако логично земајќи го предвид големиот број туристи во земјата и недоволно развиеното земјоделско производство.

Треба да се нагласи дека градежната индустрија во Црна Гора исто така има значајна улога во економијата, како што е прикажано од податоците за нејзиното учество во БДП на земјата. Голем број станбени објекти се изградени и се градат. Најголемиот број градби од овој тип биле изградени во Подгорица и долж крајбрежјето, особено во Будва. Земајќи ја предвид сообраќајната инфраструктура на Црна Гора, посебно внимание треба да се посвети на

[30] Видете го написот на Светска Банка, достапен на: https://www.worldbank.org/en/country/kosovo/overview#:~:text=Economic%20Outlook,expected%20slowdown%20in%20EU%20growth.
[31] За повеќе, видете: https://dokufest.com/
[32] Џорџина Бами и Антигоне Исуфи (2022, 12 август). *Наспроти мрачната глобална историја, Косовскиот Докуфест проучува „Како да се преживее?“*, Достапен на: https://balkaninsight.com/2022/08/12/against-bleak-global-backdrop-kosovos-dokufest-ponders-how-to-survive/

пристаништето Бар, коешто нуди особено важна инфраструктурна предност кога станува збор за превоз на стока. Исто така треба да се има предвид изградбата на автопатот кој треба да ја поврзе Србија со Пристаништето во Бар, а за кое веќе постои поврзаност со железница за превоз на патници и стока.

Во однос на образованието, иницирани се голем број училишни и образовни реформи. Тие се спроведени преку бројни стратегии, од оние за претшколска возраст па сè до стратегии за доживотно учење. Сепак, не е решен најголемиот проблем поврзан со недостигот на кадар во областа на стручното образование. Постои недостиг на кадар за да се исполни побарувачката на пазарот на трудот, која е особено видлива во туристичката сезона кога се потребни на пример, готвачи, келнери, бармени и др.

## Северна Македонија

Компаративната анализа на податоците од пописот од 2021 и 2002 година укажува на загрижувачки демографски трендови. Прво, населението во Северна Македонија е намалено за 9,18 % во две децении, од 2.022.547 во 2002 година на 1.836.713 во 2021 година. Најчестите причини за емиграција се семејните причини (45 %) и вработувањето (28 %).[33] Интерната миграција, од друга страна, се карактеризира со емиграција кон главниот град Скопје. Трендот на емиграција се спојува со негативниот раст на населението.

Во последните неколку години, КОВИД-19 и енергетската криза придонеле македонската економија да има ниска стапка на раст. МСП претставуваат 99,9 % од сите компании во Македонија, ако се земат предвид околу три четвртини од вработувањето во земјата и две третини вкупна додадена вредност. Ова укажува дека МСП имаат важна улога во обезбедување приход за мнозинството работници во земјата. Наспроти тоа, земајќи ги предвид релативно малиот обрт и вредноста на средства посебно од микро и малите компании, овие компании настојуваат да имаат ограничени можности за раст и интернационализација и имаат тенденција да обезбедуваат пониски плати.

Туризмот во Северна Македонија е концентриран во три главни региони: Југозападниот регион, кој граничи со Албанија и Грција, Скопскиот регион кој граничи со Косово и Југозападниот регион кој граничи со Грција и Бугарија. Охридскиот регион признат од УНЕСКО заради неговите природни и културни карактеристики го вклучува Охридското Езеро и неговата околина како најпривлечна дестинација во Југозападниот регион. Југоисточниот регион е домаќин на 40,03 % од туристите кои доаѓаат во земјата. Регионот е најпривлечен за домашните туристи кои изнесуваат 72 % од сите туристи во регионот, кои заземаат 60,67 % од вкупните ноќевања во сместувачките капацитети во целата земја.

Општо, трговијата и инфраструктурата во врска со транспортот во земјата се со слаб квалитет и ја рангираат на 106 место од 160 земји во Индексот на логистичките резултати на Западен Балкан. Недостигот на секундарна инфраструктура резултира во несоодветни врски низ земјата за деловно работење и повисоки трошоци за транспорт.

[33] https://www.flickr.com/photos/140581571@N07/52777504144/

## Србија

Србија не е во поволна позиција кога станува збор за нејзината демографска структура. Уделот на работоспособното население опаѓа брзо со децении заради ниските стапки на родени и заради емиграцијата. Иако главниот град Белград не е изложен на опасност од намалување на населението (напротив, некои од неговите општини како што е Врачар, со 20.000 лица на $km^2$ се значително пренаселени) заради постојаниот прилив на луѓе од Србија и регионот; другата страна на проблемот е што помалите и помалку развиените општини, особено во Јужна и Источна Србија, буквално „крварат“ во смисла на загуба на население.

Кога станува збор за економијата, постојат големи регионални нееднаквости во БДП по глава на жител и целокупната структура на економијата. На пример, Белградскиот регион е единствениот со БДП по глава на жител над националниот просек со услуги, како во други напредни економии, кои доминираат со нивните бруто додадени вредности. Од друга страна, Војводина е позната по нејзиниот голем удел во земјоделството заради нејзината поволна клима, плодна почва, полиња и долга традиција на земјоделско производство. На крајот, рударството и индустријата главно се лоцирани во регионот на Јужна и Источна Србија со градови како Бор кои практично живеат од рудници во сопственост на кинески инвеститори. МСП во Србија, како во секоја друга земја, го формираат столбот на економијата. Сепак, тие не се признаени како такви од владата, која е сѐ уште наголемо насочена кон носење големи странски инвеститори без многу грижа за нивната продуктивност, влијанијата на мултиплицирање на вработувањата и влијанијата врз животната средина.

Србија не е земја со особено развиен туристички сектор. Иако бројот на пристигнувања и ноќевања се зголемува секоја година, тој е сѐ уште значително под околните земји како што се Унгарија, Романија, Бугарија и Хрватска. На меѓународниот пазар, Србија е главно поврзана со урбаниот и транзитниот туризам. Растот на туризмот во последните две децении во Србија главно се заснова на градскиот туризам и посетите на Белград и други големи градови. Сите големи градови во Србија имаат поволна географска позиција заради тоа што се лоцирани во централниот дел од Европа со Југоисточна и Мала Азија, така што странските туристи можат да „навратат “ дури и кога патуваат на други дестинации. Иако во последните години се завршени неколку важни автопати и брзиот автопат Белград-Нови Сад, патиштата и железничката инфраструктура во Србија и понатаму се во многу лоша состојба.

# Заклучоци

Земјите од ЗБ6 се класифицирани како економии со висок-среден приход. Стапката на невработеност сѐ уште е двоцифрена и релативно висока. Освен тоа, стапките на невработеност на младите се дури и повисоки и достигнуваат една третина, освен за Србија каде што е малку пониска. Индикаторот НЕЕТ кај младите исто така има релативно висока вредност. Според тоа, овие земји не успеале во транзицијата да креираат средина којашто им дозволува да го вработат нивниот човечки капитал со неговиот целосен потенцијал.

Постои интерна миграција кон урбаните центри кои центри го привлекуваат населението. Концентрацијата на населението во земјите од ЗБ6 се забележува во општините со население до 30.000 на пример, во 69 % од вкупното население од сите 491 општини. Албанија и Косово немаат голема концентрација на население во општини со население до најмногу 40.000. Имено, во Албанија половина од населението живее во 7 града со население од повеќе од

100.000 и во Косово, слично на Албанија, половина од населението живее во 8 од 38-те општини. Во Црна Гора, 23 од 25 општини имаат население до 50.000 (половина од населението живее во 4 од 25-те општини). Во БиХ, половина од населението живее во 84 % од општините.

Регионалниот развој е организиран на ниво на НЕТС 3 за плански цели во Северна Македонија, Албанија и Косово каде што диспаритетите опстојуваат една деценија. Во Србија, НЕТС 3 се користи за цели на административна деконцентрација, иако за развојни цели постојат четири региони. Во последните 5 години, најмалку развиениот регион ги подобри своите резултати и ги надмина сличните на него. Постои јасен диспаритет меѓу де факто крајбрежниот регион наспроти северниот рурален регион во Црна Гора.

Земјите од ЗБ се соочуваат демографски пад кој се движи од негативен природен прираст од минус 22 % во Србија до минус 1 % природен прираст во Албанија. Единствено во Косово се забележува позитивен природен пораст (+1 %). Северна Македонија и Србија организираа пописи во 2021 и 2022 година, соодветно. Другите земји сè уште не организирале пописи. Миграцијата (и внатрешната миграција и емиграцијата) имаат важна улога во оформувањето на демографскиот профил на Земјите од ЗБ6.

Дури и покрај тоа што земјоделството, градежништвото и индустријата се главните двигатели на БДП во Албанија, бројот на туристи во Албанија е речиси двојно поголем од вкупниот број за другите пет земји и покажува дека туризмот е приоритетен сектор за Албанија и сè уште треба да се развива до неговиот целосен потенцијал. Од друга страна, бројот на ноќевања по соба е највисок во Црна Гора. Дури и Босна и Херцеговина има подобри резултати (129 ноќевања по соба) на ноќевања по соба од Албанија (93 ноќевања по соба). Најголемиот број високообразовани дипломирани лица на 1.000 жители е забележан во Албанија и Северна Македонија, иако најголемиот удел на научни работници како процент од вкупната вработеност и највисокиот број доктори и лекари на 100.000 жители е во Србија. Состојбата со доктори и лекари е ужасна во Албанија и Северна Македонија (речиси 5 пати помалку отколку во Србија).

Четирите главни пристаништа во Албанија се наоѓаат во Драч, Шенѓин, Валона и Саранда, при што пристаништето во Драч е најголемо. Пристаништето во Валона е во инвестициска фаза на негова трансформација во луксузно пристаниште за туристички цели. Пристаништето Бар во Црна Гора е веќе поврзано со железница за превоз на патници и стока до/од Србија, а исто така се гради и автопатот кој треба да ја поврзе Србија со пристаништето Бар по земјен пат.